Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Соврески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ..... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ..... 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОЛЕ ПСИХИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-46/24 од 6 април 2011 год. за распишување на Конкурс за избор на ***помлад асистент/асистент*** за научното поле ***психијатрија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На 27 април 2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-57/6 и Решение бр. 2502-57/15 претседател, 2502-57/16 член, 2502-57/17 член за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент за научното поле *психијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

1. д-р Илија Џонов - претседател, редовен професор во пензија;
2. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска - член, вонреден професор;
3. д-р Никола Камчев - член, вонреден професор, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 9 април 2011 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 9 април 2011 година, за избор на помлад асистент/асистент за научното поле *психијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Лидија Сушевска** е родена на 17 март 1980 г. во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (гимназија „Славчо Стојменски", природно-математичка насока 1994-1998 г.), со просечен успех од 5,00. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишува во учебната 1998/1999 год. и дипломира на 12 јули 2004 г., со просечен успех 8,5. Државниот испит успешно го завршува на 27 јануари 2005 г. по претходно успешно поминат стаж. Оттогаш работи како матичен лекар во ПЗО во Скопје, сè до запишувањето на специјализација по психијатрија на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2005/2006 г.(датум на започнување на специјализацијата е 1 декември 2005 г.). Во 2008 г. работи како лекар на определено време на Одделението за психијатрија и неврологија при Клиничката болница во Штип. Специјалистичкиот испит го полага на 2 декември 2009 г. и се стекнува со звањето **специјалист по психијатрија**. Оттогаш една година работи како специјалист-психијатар и психотерапевт во приватна поликлиника во Скопје. Во учебната 2006/2007 г. се запишува на постдипломски студии од областа психијатрија, исто така на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и испитите го положува со просечен успех од 9,6. На 2 декември 2010 г. успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Превалентна студија за застапеноста на растројството во активноста и вниманието кај училишна популација од I до IV одделение на територија на Општина Штип*" и се здобива со титулата **магистер на медицински науки од областа психијатрија**.

Од 1 октомври 2006 г. посетува едукација по когнитивно-бихејвиорална психотерапија (која е сè уште во тек) и моментално е консултант-психотерапевт по когнитивно-бихејвиорална психотерапија.

Во текот на студиите на Медицинскиот факултет станува и едукатор по ХИВ и СПБ, родова еднаквост и еманципација на Ромите, а по дипломирањето е овластен инструктор по прва помош и СБО и е предавач во Црвен крст по прва помош за возачи, како и активен член во планинарските акции, спасувачките екипи и другите активности на Црвен крст. Повеќе пати гостува во телевизиски емисии од областа на психијатријата.

Учесник е на голем број психијатриски средби, конгреси и работилници во земјава и надвор од неа.

Автор и коавтор на повеќе теми поврзани со медицината и психијатријата, со посебен осврт кон детската психијатрија и ентитетот на АДХД-хиперкинетски деца.

Член е на Здружението на психијатрите на Р. Македонија, Асоцијацијата на когнитивно-бихејвиорални психотерапевти, Здружението „Алцхајмер плус“, Лекарската комора на Р.Македонија и Црвен крст - Скопје.

Има одлично познавање на англиски јазик и компјутерски вештини.

***Научни трудови***
***Авторски трудови***
***Трудови од конгрес:***

1. Кариотипски промени кај деца со Даунов синдром-26-th International Medical Student's Scientific Congress 2003 (усна презентација).

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание*:**

1. Детекција и застапеност на растројството во активноста и вниманието (РАВ) по одредени специфики кај ученици од 6 до 12 години од Штип (Medicus 2010, Vol. XIV (2)).
2. OCD and treatment-one year follow up study.
3. Presence of attention deficit hyperactivity disorder by certain sociodemografic characteristics.
4. Analysis of subtypes and other associated conditions of Attention deficit hyperactivity disorder(ADHD) in school population from 6 to 12 years of age.
5. Случај на панично растројство со агорафобија-континуум низ когнитивно-бихејвиоралните сесии.

***трудовите под реден број 2, 3, 4 и 5 се во фаза на објавување и сè уште не се печатени (јуни 2011год.)**

***Коавтор***
***Трудови од конгрес:***

1. Холестазни жолтици кај доенче-26-th International Medical Student's Scientific Congress 2003;
2. HBA1C како потенцијален маркер кај мониторирање на гликемијата кај деца со инсулин-зависен дијабетес мелитус (ИДММ)- 26-th International Medical Student's Scientific Congress 2003;
3. Оланзапин во третман на психотични болни-International congress of psychiatry, Ohrid 2008 (постер презентација).

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание*:**

1. Relationship between domestic and peer violence on adolescents and use of drugs (Medicus 2011, Vol. XV (1));
2. Relationship of violence and use of alcohol at adolescents-(Medicus 2011, Vol. XV (1));
3. Domestic and Peer Violence in Secondary School Among Adolescents – Can Telemedicine Help?-American journal of telemedicine and e-health, 2011;

4. Asociations between physical, emotional and family violence, and abuse of drugs at adolescent;
5. Asociations between physical, emotional and family violence, and abuse of alcohol at adolescent.

* трудовите под реден број 4 и 5 се во фаза на објавување и сè уште не се печатени (јуни 2011 год.)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Лидија Сушевска ги исполнува сите законски критериуми за избор во помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката **д-р Лидија Сушевска** да се избере во звање ***помлад асистент*** за научното поле ***психијатрија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илија Џонов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Кнегиња Рихтер, член, с.р.**
**Проф.д-р Никола Камчев, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Лидија Сушевска**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| | **Научноистражувачка** | | | |
| 1. | Учество на научен собир со реферат (постер/презентација) | | | |
| | - Кариотипски промени кај деца со Даунов синдром – $26^{th}$ International Medical Student\`s Scientific Congress 2003 (усна презентација) | 1 | 1,5 | 1,5 |
| | - Холестазни жолтици кај доенче $26^{th}$ International Medical Student\`s Scientific Congress 2003 | 1 | 1,5 | 1,5 |
| | - HBA1C како потенцијален маркер кај мониторирање на гликемијата кај деца со инсулин – зависен дијабетес мелитус (ИДММ) - $26^{th}$ International Medical Student\`s Scientific Congress 2003 | 1 | 1,5 | 1,5 |
| | - Olanzapin во третман на психотични болни – International congress of psychiatry, Охрид, 2008 (постер презентација) | 1 | 1 | 1 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останато) | | | |
| | - Детекција и застапеност на растројството во активноста и вниманието (РАВ) по одредени специфики кај ученици од 6 -12 години од Штип (Medicus 2010, Vol XIV (2) | 1 | 3 | 3 |
| | - OCD and treatment – one year follow up study | 1 | 3 | 3 |
| | - Presence of attention deficit hyperactivity disorder by certain sociodemografic characteristics | 1 | 3 | 3 |
| | - Analysis of subtypes and associated conditions of Attention deficit hyperactivity disorder (ADHD) in school population from 6-12 years of age | 1 | 3 | 3 |
| | - Случај на панично растројство со агорафобија – контунуум низ когнитивно-бихејвиоралните сесии | 1 | 3 | 3 |
| | - Relationship between domestic and peer violence on adolescents and use of drugs (Medicus 2011, Vol. XV (1)) | 1 | 3 | 3 |
| | - Relationship of violence and use of alcohol at adolescents (Medicus 2011 Vol. XV (1)) | 1 | 3 | 3 |
| | - Domestic and peer violence in secondary school among adolescents – Can Telemedicine help? – American journal of telemedicine and e-health 2011 | 1 | 3 | 3 |
| | - Asociations between physical, emotional and family violence and abuse of drugs at adolescents | 1 | 3 | 3 |
| | - Asociations between physical, emotional and family violence and abuse of alcohol at adolescents | 1 | 3 | 3 |
| | **Вкупно** | | | **38,5** |